**Јавна Установа Национален парк Шар Планина**

# Предлог - Годишна програма за заштита на природата во Национален парк Шар Планина за 2025 година

Согласно член 98 став (5) од Законот за заштита на природата ("Службен весник на Република Македонија" бр.67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16, 113/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.157/21) и член 7 став (5) од Правилникот за содржината на плановите за управување со заштитените подрачја и годишните програми за заштита на природата („Службен весник на РМ“ бр.26/2012), Управниот Одбор на Јавната Установа Национален парк Шар Планина ја предлага следната **„Предлог годишна програма за заштита на природата за 2025 година“**.

Годишната програма за заштита на природата за 2025 година е изготвена согласно активностите кои се предвидени во „План за управување за Националниот парк Шар Планина за период 2022 - 2031“, кој е изготвен согласно Законот за заштита на природата ("Службен весник на Република Македонија" бр.67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16, 113/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.157/21) и согласно член 5 став (2) од Правилникот за содржината на плановите за управување со заштитените подрачја и годишните програми за заштита на природата („Службен весник на РМ“ бр.26/2012).

# Содржина

Содржина ..... 3
1. Вовед ..... 5
2. Визија ..... 6
3. Донации и финансии ..... 7
4. Планирани активности за 2025 година во однос на заштита и одржливо користење ..... 8
Програма за зачувување и мониторинг на природното наследство ..... 8
1.3 Оперативен план за 2025 за мерки за зачувување на видовите ..... 9
1.4 Оперативен план за 2025 за мониторинг на клучните видови ..... 9
1.5. Оперативен план за 2025 за истражување на природните вредности ..... 9
1.6. Граѓанска наука за мониторинг ..... 10
Програма за одржливо управување со природните ресурси ..... 10
2.1. Оперативен план за 2025 за одржливо користење на шумите ..... 10
2.2. Оперативен план за 2025 за одржливо користење на планинските пасишта ..... 11
2.4. Оперативен план за 2025 за одржливо користење на растенија и плодови собрани од природата ..... 11
2.5. Оперативен план за 2025 за одржливо управување со дивите животни ..... 12
2.6. Оперативен план за 2025 за одржливо користење на водите ..... 12
2.7. Оперативен план за 2025 за воспоставување систем за заштита од шумски пожари ..... 13
Програма за управување со живеалишта и екосистеми ..... 13
3.2. Оперативен план за 2025 за управување со живеалишта во согласност со целите за зачувување ..... 14
3.3. Оперативен план за 2025 за мониторинг на живеалишта ..... 14
3.4. Оперативен план за 2025 за управување со податоци за природните вредности ..... 15
Програма за управување со културното наследство ..... 15
4.2. Оперативен план за 2024 за одржување на културните вредности ..... 16
Програма за развој на одржлив туризам ..... 16
5.1. Оперативен план за 2025 за развој на Стратегија за туризам за Национален парк Шар Планина ..... 17
5.2. Оперативен план за 2025 за соработка со локалните актери и туристичките субјекти ..... 18

5.3. Оперативен план за 2025 за воспоставување и одржување на инфраструктура за посетители ... 18
5.4. Оперативен план за 2025 за воспоставување систем за посетители ... 19
Програма за локален развој ... 20
6.1. Оперативен план за 2025 за финансирање на локалниот развој ... 20
6.4. Оперативен план за 2025 за известување и мониторинг на урбанизацијата 21
Програма за информирање, подигање на јавната свест и едукација ... 21
7.1. Оперативен план за 2025 за развој на инфраструктура за едукација за животната средина ... 22
7.2. Оперативен план за 2025 за комуникација, вклучително активности на социјалните мрежи ... 22
Програма за управување, менаџмент, организација на работата и финансирање .. 22
8.2. Оперативен план за 2025 за лидерство ... 23
8.3. Оперативен план за 2025 за управување со човечки ресурси ... 23
8.4. Оперативен план за 2025 за финансиско управување ... 24
8.5 Оперативен план за 2025 за административно известување и документирање ... 24
8.6 Оперативен план за 2025 за комуникација и соработка ... 24
5. Дополнителни активности ... 26

# 1. Вовед

Собранието на Република Северна Македонија на 30 јуни 2021 година донесе одлука дел од Шар Планина да биде прогласен за Национален парк. Законот за прогласување на дел од Шар Планина за Национален парк пропишува дека една година по прогласувањето на заштитеното подрачје (6 јули 2021 година), треба да биде усвоен План за управување од страна на Јавната установа која раководи со заштитеното подрачје и соодветно на тоа истиот беше изработен и одобрен од страна на владата на РСМ.

Со тоа се поставија основите за функционирање на НП и неговата севкупна цел е систематски да се зачува биолошката разновидност, со внимателно и концептуално анализирање пред се на директните и индиректните притисоци, закани и нивно решавање преку спроведување соодветни и сеопфатни мерки, постапки и политики. Исто така, планот вклучува разни пристапи за поддршка на одржлив локален, регионален и општествен економски и туристички развој и зголемување на придобивките за локалното население.

Согласно Планот за управување со Националниот парк Шар Планина, Јавната Установа Национален парк Шар Планина ја изработи оваа Годишна Програма за заштита на природата во Национален парк Шар Планина за 2025 година.

## 2. Визија

Националниот парк Шар Планина е подрачје со извонредни природни вредности, каде видовите, живеалиштата и екосистемите е неопходно соодветно да се управуваат за да се сочуваат за идните генерации. Локалното население е информирано и активно вклучено во зачувувањето на природата и ги ужива придобивките од екосистемските услуги и туризмот, кој го поттикнува развојот на локалните заедници преку почитување на нивната економска, социјална и културна различност. Посетителите уживаат во можностите за еко-туризам, а туристичките активности се во хармонија со целите за зачувување на природните вредности. Националниот парк Шар Планина е посакувана дестинација за домашните и странски туристи и се наоѓа на 20-те најпосакувани туристички дестинации во Европа.

Согласно Законот за заштита на природата и НП Шар Планина, основните цели на паркот за 2025 година се следните:

- Да воспостави систем за редовна контрола и мониторинг на противзаконските дејствија кои се случуваат на територија на паркот;
- Да се одржуваат, зајакнуваат и следат биодиверзитетот и природните вредности, вклучително и дивите видови, живеалиштата и екосистемите, физичките (геолошки, геоморфолошки, педолошки и хидролошки) карактеристики и пределите;
- Да се обезбеди одржлив начин на користење на природните ресурси. Нивното користење обезбедува приход за локалните заедници и придонесува за финансирање на јавните и приватни претпријатија кои делуваат на територија на Националниот парк и на самиот парк (Јавно Претпријатие Пасишта, мали хидро електрани, АД ЕСМ, ЕЛЕМ ТУРС, мобилни оператори, локални јавни субјекти и други) додека бенефитот на ЈУНПШП треба да го гледа во наплатата на ЕСУ од овие субјекти;
- Да се обезбеди дека управувањето со живеалиштата и екосистемите е во согласност со целите за заштита утврдени на национално и меѓународно ниво;
- Да се заштитат и промовираат разновидноста на пределите и културното и историското наследство на паркот, вклучително глацијалните предели и традиционалниот предел кој се развивал низ вековите преку интеракција на локалното население со природата;
- Да придонесе кон воспоставување на систем за справување со отпад и со цврст отпад во сите високопланински села на територија на НП Шар Планина и тоа во сите седум општини.
- Да воспостави систем за наплата на надоместоци. Во Март 2024 валадата на РСМ донесе одлука за дефинирање на надоместоците за посетители, додека УО на ЈУНПШП усвои тарифник за наплата на давателите на услуги;
- Да се обезбедат информации и да се подигне свеста за природните и културните вредности, целите на зонирањето на заштитените подрачја, ограничувањата и мерките за заштита, како и за придобивките кои Националниот парк ги овозможува за локалното население. Понатаму, да се понудат едукативни активности за сите посетители и целни групи со цел да можат да ги доживеат вредностите на Националниот парк;
- Да се имплементира ефикасно управување, планирање, стратешки развој и силни капацитети кои ќе обезбедат постојани и одржливи финансиски ресурси.

## 3. Донации и финансии

Националниот парк Шар Планина, како и другите заштитени подрачја во Македонија функционира на принципот самофинансирање. Министерството за животна средина и просторно планирање, обезбеди финансиска подршка наменета за основање на институцијата, додека во 2024 преку проект обзебеди намески средства во вредност од 100.000 евра, истите се одобрени но не се реализирани. Очекуваме оваа финансиска подршка да се реализира во 2025, бидејќи со тие средства предвидено е покрај останато да се ефектуира во практика системот за електронско плаќање на надоместоците како еден од најважните начини за обезбедување на финансиска стабилност на институцијата.

Во 2025 година ќе продолжи и грантовата поддршка од ПОНТ која се однесува на периодот од 2024-2026 година наменета за зачувување на природните вредности на Националниот Парк Шар Планина.

Исто така, во 2025 година продолжува и поодршката од Глобал Конзервејшн, организација која е насочена кон справување со илегалните активности и безбедносните аспекти кои се однесуваат на техничката служба на институцијата и на посетителите.

Во планот за управување проектирани се редовни оперативни трошоци од 889 752 евра/ годишно ( табела бр.30 ), на институцијата за 2025 година.

Во овој момент дефинирани расположливи средства во 2025 г. со поголема извесност се:

- 246.000 евра од ПОНТ
- 100.000 евра од Глобал Конзервејшн
- 100.000 евра од Државен буџет

Мора да се напомене дека дополнително на овие трошоци секојдневно се соочуваме со трошоци поврзани со активостите на терен како што се справувањето со пожарите, безбедност на посетителите, справување со отпадот во длабоките делови на планината, одржување на постоечката инфраструкура, локалитети, и др.

Проектот финансиран од ГЕФ „Зачувување на биолошката разновидност, одржливо управување со земјиштето и одржлив развој на туризмот во РСМ“ кој треба да се спроведе во соработка со МЖСПП и УНЕП, е целосно дизајниран за поддршка на ЈУНПШП при спроведување на планот за управување. Овој проект беше предвиден да започне со реализација на активности во 2024 но очекувано е дека проектните активности од сите компоненти ќе почнат во 2025 година, а институцијата ќе биде директно инволвирана во спроведувањето и координацијата на проектните активности со директен грантов договор кој ќе ги олесни оперативните трошоци на институцијата.

Преку паралелна директна грантова поддршка која ПОНТ ја обезбедува за неколку граѓански организации како ЦНВП, Еко Свест, ПК Љуботен, ЦЕД, АЛЦДФ и низа локални граѓански организации кои во функција на подгрантисти се очекува дека ќе придонесат кон спроведување на активности од планот за управување со Национален парк Шар Планина.

Според прикажаното погоре, расположливите средства за 2025 година во висина од 446.000 евра се половина од потребните годишни средства што значи дека ЈУНПШП и покрај тековните проекти и поддршка, продолжува да се соочува со значаен финансиски дефицит, средства неопходни да се исполнат сите предвидени активности од планот за управување. Од тие причини ЈУНПШП во 2025 година останува отворена за соработка и воспоставување на нови партнерства кои ќе придонесат кон исполнување на предвидените активности во планот за управување со Национален парк Шар Планина.

## 4. Планирани активности за 2025 година во однос на заштита и одржливо користење

Во согласност со Правилникот за содржината на плановите за управување со заштитените подрачја и годишните програми за заштита на природата во продолжение се прикажани планираните активности кои Ј.У.Н.П. Шар Планина ќе ги спроведе во 2025 година.

За 2025 година, Јавната Установа НП Шар Планина има основен приоритет да ги обезбеди потребните материјални средства и човечки ресурси за спроведување на долу опишаните програми, потпрограми и активности во нив. Основните средства потребни за функционирање и спроведување на оперативните програми се далеку поамбициозни од расположливите средства на установата и покрај обезбедените три донаторски поддршки, Владата на Република Северна Македонија, ПОНТ, Global Conservation и UNEP.

Активностите се претставени табеларно и се организирани во осум Програми со по неколку потпрограми за кои се наведени индикатори за завршување на активностите и можни извори на финансирање. За разлика од првите две години од основањето на институцијата кога во фокусот беше административното воспоставување на институцијата, за 2025 година се предвидени активности за сите Програми со главен фокус на воспоставување мониторинг на избраните клучни видови и клучни хабитати.

Реализацијата на активностите зависи од успехот за генерирање на финансиски средства преку наплатата на дел од услугите кои се наведени во тарифникот одобрен од Владата на Македонија и во голема мера зависи од можностите за доекипирање на потребниот број вработени лица.

Приоритетот во 2025 година ќе биде даден на активностите со *приоритет 1 и 2*, а активностите кои нема да се завршат во 2025 година ќе се префрлат и реализираат во 2026 година.

***Со цел полесно пронаоѓање на програмите, потпрограмите и активностите во Планот за управување, задржана е нумерацијата од Планот за управување.***

### Програма за зачувување и мониторинг на природното наследство

Националниот парк Шар Планина поседува важно природно наследство што треба да биде зачувано. Програмата за зачувување и мониторинг на природното наследство е директно поврзана со исполнувањето на визијата на паркот – и понатаму да биде жариште на биолошката разновидност. Главна цел на програмата е мониторинг, одржување и унапредување на природните вредности, вклучително диви видови, физички (геолошки, геоморфолошки, педолошки и хидролошки) карактеристики и предели. Програмата ќе се реализира преку следните потпрограми и оперативни активности:

| Потпрограма | Конкретни цели |
|---|---|
| 1.3 Зачувување на клучните видови | Да се обезбеди долгор. заштита на природните вредности (поволен статус на зачувување во согласност со нац. и меѓународните стандарди). |
| 1.4 Мониторинг на клучните видови | Да се развие и имплементира практичен, економичен, ориентиран |

| Потпрограма | Конкретни цели |
|---|---|
| | кон резултати, лесен за комуникација, систем за следење на клучните видови и предели, како основа за идно управување со природните вредности |
| 1.6 „Граѓанска наука“ за мониторинг | Да се обучуваат и вклучуваат луѓе од локалната заедница или редовни посетители во следењето на клучните видови и предели. |

## 1.3 Оперативен план за 2025 за мерки за зачувување на видовите

| Активност | Индикатор | Можни извори на финансирање |
|---|---|---|
| 1.3.1 Развој и имплементација на мерки за заштита за клучните видови | Воспоставена е програма за заштита на клучните видови | **Државен буџет**, ПОНТ и Глобал Конзервејшн |
| 1.3.3 Подготовка на посебен план за управување со риболовот во реките во Националниот парк | Подготвен и одобрен Посебен план за управување со риболов | Донатори |

## 1.4 Оперативен план за 2025 за мониторинг на клучните видови

| Активност | Индикатор | Можни извори на финансирање |
|---|---|---|
| 1.4.2 Мониторинг на клучните видови цицачи (со исклучок на лилјаци) | Подготвени протоколи за мониторинг, собрани податоци од мониторингот во ГИС, годишни извештаи и конечен извештај за резултатите во 2026 година | **Државен буџет**, ПОНТ и Глобал Конзервејшн |
| 1.4.5 Мониторинг на клучните видови растенија, габи и мовови | Подготвени протоколи за мониторинг, собрани податоци од мониторингот во ГИС, годишни извештаи и конечен извештај за резултатите во 2026 година | **Државен буџет**, ПОНТ и Глобал Конзервејшн |

## 1.5. Оперативен план за 2025 за истражување на природните вредности

| | | |
|---|---|---|
| 1.5.2 Истражување за еутрофикација на Боговинско Езеро | Подготвен извештај од истражувањето за еутрофикација на Боговинско езеро | **Државен буџет**, ПОНТ и Глобал Конзервејшн |

## 1.6. Граѓанска наука за мониторинг

| | | |
|---|---|---|
| 1.6.1 Развој и имплементација на Програмата за „граѓанска наука“ за мониторинг | Најмалку 20 лица од локалните села учествуваат во оваа програма; годишни извештаи и конечен извештај во 2026 година | Сопств.буџет и ПОНТ |

## Програма за одржливо управување со природните ресурси

Националниот парк Шар Планина е дом на голем број природни ресурси со кои треба да се управува на одржлив начин. Програмата за одржливо управување со природните ресурси ќе придонесе за исполнување на визијата на паркот за воспоставување рамнотежа помеѓу профитот и зачувувањето на природата, на начин кој не го загрозува опстанокот на видовите.

Главна цел на програмата е природните ресурси на Националниот парк Шар Планина да се користат на одржлив начин, нивната употреба да обезбедува приход за локалните заедници и да ги зачува природните ресурси. Програмата ќе се реализира преку следните потпрограми и оперативни активности:

| Потпрограма | Конкретни цели |
|---|---|
| 2.1 Одржливо користење на шумите во согласност со посебните планови за управување со шумите | Шумите во паркот се управуваат во согласност по принципите за зачувување на природата. |
| 2.2 Одржливо користење на планинските пасишта и полуприродни пасишта | Користењето на пасиштата е надгледувано и одржливо; соработка со ЈПСП и со локални земјоделци. |
| 2.4 Одржливо користење на растенија и плодови собрани од природата | Во соработка со локалното население |
| 2.5 Одржливо управување со дивите животни | Да се зголеми бројот на видови и да се обезбеди редовен мониторинг на дивите животни |
| 2.6 Одржливо користење на водите | Редовен мониторинг и мерки за намалување на негативните ефекти врз животната средина. |
| 2.7 Воспоставување систем за заштита од шумски пожари | Мониторинг, рано интервенирање и ефикасна заштита од пожари |

## 2.1. Оперативен план за 2025 за одржливо користење на шумите

| Активност | Индикатор | Можни извори на финансирање |
|---|---|---|
| 2.1.1 Подготовка на посебен план за заштита и одгледување на шумите | Подготвен и одобрен посебен план за заштита и одгледување на шумите | УНЕП |

| | | |
|---|---|---|
| 2.1.2 Подготовка и имплементација на годишна програма за одржливо управување со шумски живеалишта | Подготвен и имплементиран план | Сопств.буџет и УНЕП |

## 2.2. Оперативен план за 2025 за одржливо користење на планинските пасишта

| Активност | Индикатор | Можни извори на финансирање |
|---|---|---|
| 2.2.1 Инвентаризација на пасишта и бачила извршена и достапна во ГИС | Направена е инвентаризација на сите бачила во подрачјето достапна во ГИС, вклучувајќи капацитет за испаша, состојба на бачилата и инфраструктурата поврзана со нив, влијание врз чувствителните живеалишта | Сопств.буџет, УНЕП, и др. |
| 2.2.5 Подобрување на засолништата, патиштата и на друга инфраструктура поврзана со бачилата | Извештај за подобрување на засолништата и на поврзаната инфраструктура поврзана со бачилата | **Државен буџет**, сопств.буџет, УНЕП, и др. |

## 2.4. Оперативен план за 2025 за одржливо користење на растенија и плодови собрани од природата

| Активност | Индикатор | Можни извори на финансирање |
|---|---|---|
| 2.4.1 Развој на интерни процедури и правилници за дозволи за собирање и систем за контрола во паркот | Развиени процедури, правила, систем за дозволи | **Државен буџет**, УНЕП и ПОНТ |
| 2.4.2 Програма за проценка на ресурсите и мониторинг на минимум 3 видови кои се собираат за комерцијална употреба | Извршена е проценка на ресурсите за видовите што се предмет на собирање; направен е мониторинг за истите видови од економски интерес | **Државен буџет**, УНЕП и ПОНТ и други. |
| 2.4.3 Воспоставување систем за регистрација на собирачи | Воспоставен систем; издадени лиценци; едуцирани собирачи | **Државен буџет**, УНЕП и ПОНТ |
| 2.4.4 Воспоставување контролен механизам за собирање на растенија и плодови од природата | Број на контроли во подрачјата на Националниот парк | **Државен буџет** и Global Conservation |
| 2.4.5 Програма за култивирање на критични растенија од природата | Подготвен План за 3 пилот места за култивирање | ПОНТ и други. |

| Активност | Индикатор | Можни извори на финансирање |
|---|---|---|
| 2.4.1 Развој на интерни процедури и правилници за дозволи за собирање и систем за контрола во паркот | Развиени процедури, правила, систем за дозволи | **Државен буџет**, УНЕП и ПОНТ |
| 2.4.2 Програма за проценка на ресурсите и мониторинг на минимум 3 видови кои се собираат за комерцијална употреба | Извршена е проценка на ресурсите за видовите што се предмет на собирање; направен е мониторинг за истите видови од економски интерес | **Државен буџет**, УНЕП и ПОНТ и други. |
| 2.4.7 Програма за поддршка на пчеларството, превенција на штети и мерки за надомест на штети од диви животни | Воспоставен механизам за програма за прекугранична контрола; годишни извештаи од контролите | **Државен буџет**, УНЕП и др. |
| 2.4.8 Развој на програма за прекугранична контрола со Националниот парк Шари од Косово, вклучително и обука на ренџери за мониторинг | Воспоставен механизам за програма за прекугранична контрола; годишни извештаи од контролите | **Државен буџет**, Global Conservation, и други. |

## 2.5. Оперативен план за 2025 за одржливо управување со дивите животни

| Активност | Индикатор | Можни извори на финансирање |
|---|---|---|
| 2.5.2 Развој и имплементација на мониторинг на диви животни | Годишни извештаи од мониторинг на диви животни | **Државен буџет** Global Conservation и ПОНТ |

## 2.6. Оперативен план за 2025 за одржливо користење на водите

| Активност | Индикатор | Можни извори на финансирање |
|---|---|---|
| 2.6.1 Креирање база на податоци за управување и мониторинг на водите | Креирана и одржувана база на податоци за управување и мониторинг на водата | **Државен буџет**, ПОНТ и Еко Свест |
| 2.6.3 Воспоставување Програма за мониторинг на еколошкиот проток во реките со мали хидроцентрали | Подготвена е Програма, редовен мониторинг на еколошкиот проток и годишни извештаи | **Државен буџет**, ПОНТ и Еко Свест |
| 2.6.4 Воспоставување механизам за известување и санкционирање за прекршување на еколошкиот проток во реките со мали хидроцентрали | Воспоставен и имплементиран механизам за известување за еколошкиот проток | **Државен буџет**, ПОНТ и Еко Свест |

## 2.7. Оперативен план за 2025 за воспоставување систем за заштита од шумски пожари

| Активност | Индикатор | Можни извори на финансирање |
|---|---|---|
| 2.7.2 Спроведување Програма за превенција од пожари, вклучително и воспоставување на мониторинг систем, едукација на ренџери и локално население | Спроведени бројни активности за превенција од пожари, годишни извештаи | Сопствени сред. и донатори. |
| 2.7.3 Програма за одржување на патиштата за заштита од пожари, набавка на опрема и возила за ренџерските служби, опрема за брза интервенција | Набавена опрема, противпожарните патишта се одржуваат и поставени се резервоари за вода | Донатори |

## Програма за управување со живеалишта и екосистеми

Националниот парк Шар Планина е богат со живеалишта и екосистеми кои треба да бидат управувани согласно целите за зачувување. Програмата за управување со живеалишта и екосистеми ќе придонесе за исполнување на визијата на паркот за воспоставување на рамнотежа помеѓу традиционалните активности и зачувување на природата, на начин што не го загрозува опстанокот на видовите и нивната природна рамнотежа.

Главна цел на програмата е управување со живеалишта и екосистеми во согласност со целите за зачувување на национално и меѓународно ниво. Програмата ќе се реализира преку следните потпрограми и оперативни активности:

| Потпрограма | Конкретни цели |
|---|---|
| 3.2 Мерки за управување со живеалишта во согласност со целите за зачувување | Одржување и подобрување (или обновување) на живеалиштата со примена на соодветни мерки дефинирани за секоја од конкретните заштитени зони. |
| 3.3 Мониторинг на живеалиштата | Развивање и имплементирање практичен, економичен, ориентиран кон резултати, лесен за комуникација систем за мониторинг на живеалиштата како основа за идно управување со природните вредности. |

| Потпрограма | Конкретни цели |
|---|---|
| 3.4 Управување со податоци за природните вредности | Развивање практична и ефикасна база на податоци која ќе содржи информации што ќе се користат за заштита на природата и за известување до институциите и донаторите. Персоналот ќе биде обучен за прибирање, прикачување (upload), складирање и обработка на податоци. |

## 3.2. Оперативен план за 2025 за управување со живеалишта во согласност со целите за зачувување

| Активност | Индикатор | Можни извори на финансирање |
|---|---|---|
| 3.2.1 Воспоставување мерки за зачувување на загрозените живеалишта | Спроведена Програма за мерки за зачувување на загрозените живеалишта | **Државен буџет**, ПОНТ и Глобал Конзервејшн |
| 3.2.2 Воспоставување мерки за зачувување на живеалиштата во шумите со голема природна вредност | Спроведена Програма за мерки за зачувување на живеалиштата во шумите со голема природна вредност | **Државен буџет,** ПОНТ, УНЕП, и Глобал Конзервејшн |
| 3.2.3 Програма која ќе спроведе проценка на потребите за мерки за рехабилитација и ќе спроведе 5 пилот активности за трансформација на изданкови шуми во високостеблени шуми преку мерење на еколошките, социјалните и економските влијанија | Студија за проценка на потребата за трансформација на шумите во 5 пилот активности | **Државен буџет,** ПОНТ, УНЕП, и Глобал Конзервејшн |
| 3.2.4 Фитосанитарни и одгледувачки интервенции против болести и штетници | Студија за фитосанитарни и одгледувачки интервенции и нивните ефекти | ПОНТ и Глобал Конзервејшн |

## 3.3. Оперативен план за 2025 за мониторинг на живеалишта

| Активност | Индикатор | Можни извори на финансирање |
|---|---|---|
| 3.3.3 Проценка на статусот на зачувување на живеалиштата | Извештај за статусот на зачувување на сите ЕУ живеалишта | ПОНТ, Глобал Конзервејшн и др. |
| 3.3.4 Мониторинг на Abieti-Piceetum scardicum | Подготвени протоколи за мониторинг, собрани податоци од мониторингот во ГИС, годишни извештаи и завршен извештај за резултатите во 2026 година | ПОНТ, Глобал Конзервејшн и др. |

| Активност | Индикатор | Можни извори на финансирање |
|---|---|---|
| 3.3.5 Мониторинг на глацијални езера и планински влажни и водни станишта | Подготвени протоколи за мониторинг, собрани податоци од мониторингот во ГИС, годишни извештаи и завршен извештај за резултатите во 2026 година | **Државен буџет,** ПОНТ, и Глобал Конзервејшн |
| 3.6 Мониторинг на шуми со голема биолошка разновидност | Подготвени протоколи за мониторинг, собрани податоци од мониторингот во ГИС, годишни извештаи и завршен извештај за резултатите во 2026 год. | **Државен буџет,** ПОНТ, и Глобал Конзервејшн |
| 3.3.7 Мониторинг на живеалишта кои се чувствителни на ефектите од климатските промени | Подготвени протоколи за мониторинг, собрани податоци од мониторингот во ГИС, годишни извештаи и завршен извештај за резултатите во 2026 год. | **Државен буџет,** ПОНТ, и Глобал Конзервејшн |

### 3.4. Оперативен план за 2025 за управување со податоци за природните вредности

| Активност | Индикатор | Можни извори на финансирање |
|---|---|---|
